Архивски број: 08-416/3
Датум: 15.07.2024

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 416/1 од 23.05.2024 година, поднесена од [redacted] со живеалиште на адреса [redacted] Скопје за сторена дискриминација врз основ на возраст во областа на јавно информирање и медиуми и пристап до добра и услуги против [redacted] вработен во ТВ Сител, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 31.05.2024 година, го донесе следното

## М И С Л Е Њ Е

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основ на возраст во областа на јавно информирање и медиуми и пристап до добра и услуги од страна на [redacted] вработен во ТВ Сител кон [redacted].

## О б р а з л о ж е н и е

На 23.05.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка со архивски број 08-416 1 од страна на подносителот [redacted] за сторена дискриминација врз основ на возраст во областа на јавно информирање и медиуми и пристап до добра и услуги сторена од страна на [redacted] вработен во ТВ Сител.

Подносителот на претставката наведува дека во 2021 година поднел барање за учество на емисијата "Се или нешто", ги навел сите потребни податоци и бил упатен да чека додека не биде избран, со тоа што по изборот ќе биде повикан да учествува на емисијата. Тој чекал 3 години, поради што отишол во ТВ Сител да се информира до каде е постапката и зошто се уште не е повикан во емисијата. Во септември 2023 година кога отишол со неговото барање, портирот го повикал лицето [redacted] вработен во ТВ Сител на кого и го прашал зошто не е повикан на емисијата. Подносителот наведува дека лицето [redacted] кој што е вработен во ТВ Сител му одговорил дека нема да биде повикан бидејќи такви биле нивните правила, но не му образложиле кои се тие правила и зошто не му било овозможено да учествува на емисијата.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 24, став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација на 07.06.2024 испрати Барање за произнесување по наводите од претставката до лицето [redacted] вработен во ТВ Сител.


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
КСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

На 25.06.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставен поднесок за произнесување по наводите од претставката со бр. 08 – 416/2 од [redacted] вработен во ТВ Сител.

Во одговорот од [redacted] вработен во ТВ Сител е наведено дека тој е вработен како продуцент во информативната програма на ТВ Сител и нема никаков удел ниту надлежност, а ниту знае кои се правилата за пријавување во шоуто Се или нешто, според тоа не гледа како би можел да направи дискриминација на некој кој се пријавил во квизот по било кој основ.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација при разгледувањето на претставката и одговорот на претставката, утврди дека не можат да се најдат никакви факти и докази дека е извршена дискриминација во областа на јавно информирање и медиуми и пристап до добра и услуги.

Имајќи го предвид горенаведеното Комисијата констатира дека во конкретниот случај не е исполнета законската дефиниција за дискриминација кој гласи:

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите."*

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности одлучи како во диспозитивот на мислењето, дека во конкретниот случај не е сторена дискриминација од страна на [redacted] вработен во ТВ Сител врз основа на возраст во областа на работа и работни односи.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Игор Јадровски

Доставено до:
[redacted]
-Архива на КСЗД

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk